РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познати подносители – ---------------------, --------------------- и ----------------------, сите од -----------, на продолжението на 46-тата седница одржана на 19.02.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата поднесена од познат подносител до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-1609/1 од 11.03.2020 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по разгледување на содржината на пријавата утврди дека нема елементи за надлежно постапување по предметот.

Предметот со број 12-1609/1 од 11.03.2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-1609/1 од 11.03.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од познати подносители – ---------------------, --------------------- и ----------------------, сите од -----------.

Пријавата е поднесена против судиите на Врховен суд на Република Северна Македонија во Решението Рев2.бр.615.2017 – Претседателот на советот, судијата ---------------------------. Со ова решение Врховниот суд ја уважил ревизијата на АД -------------------- и пресудата на Апелациониот суд во ----------- ГЖ.бр.24/17 од 10.07.2017 година и пресудата на Основен суд --------------- П1-78/16 од 05.09.2016 година се укинуваат и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно судење. Се наведува дека ова е втор пат од Врховниот суд од истите судии да се укинуваат пресудите на Апелациониот суд во ---------- и Основен суд --------------- со кои пресуди е уважено барањето на подносителите на пријавата до Државната комисија. Од истиот судија е донесено Решение Рев2.бр.300/2014 со кое се поништени пресудите на Апелациониот суд во ---------------- и Основен суд -------- и вратен предметот на повторно одлучување пред Основен суд ----------. Во продолжение се наведува дека иако судовите постапиле во целост по решението од 2014 година, овие пресуди повторно биле укинати од Врховниот суд.

Во пријавата, исто така, се наведува дека во Решението Рев2.бр.615.2017 се изнесуваат околности кои не биле во врска со предметот на подносителите, односно нивна тужба со која бараат предавање во владение на нивните недвижни имоти кои им биле вратени со решенија за денационализација во 2003, 2004 и 2005 година, а повеќе од 15 години тужениот АД --------------------- ги држел овие недвижни имоти и не ги почитува судските одлуки и правосилните решенија од Комисијата за денационализација.

Подносителите наведуваат дека имаат имотни листови дека се сопственици и нивното барање врз основа на членот 156 од Законот за сопственост и други стварни права е во целост основано и уважено од Апелациониот суд во --------- и Основен суд ---------, додека АД ----------- нема никаков правен основ за да ги држи тие имоти. Во продолжение, подносителите ги оспоруваат наводите од решението на Врховниот суд дека оранжериите кои постоеле на нивните недвижни имоти АД ---------------- ги имал изградено согласно валидно одобрение за градење и комплетна градежна документација и дека сите се предвидени во Деталниот урбанистички план за тој дел од градот, со што изразуваат сомнеж во однос на постапувањето на судиите кои го имаат донесено наведеното решение.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот, како и барањето Државната комисија да ја преиспита работата на судиите од Врховниот суд по овој предмет и констатира дека во случајот станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг орган, односно Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а предметот да се достави на надлежно постапување до Судски совет на Република Северна Македонија, согласно нивната надлежност утврдена во член 36 став 1 алинеи 15 и 16 од Законот за судски совет на РСМ да постапуваат по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите и да се грижи за угледот на судиите и довербата на граѓаните кон судството, бидејќи во конкретниот предмет се посочуваат судии на Врховен суд на Република Северна Македонија кои постапувале по конкретен предмет.

Имајќи го предвид горе наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К.Ш, Советник
Одобрил: м-р В.Г, Член на ДКСК ВГ

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**м-р Шемши Салаи**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk